**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и осмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 30.10.2018 година**

**Скопје, октомври 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и осмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 30.10.2018 година**

Седницата започна во 13:05 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерката за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, д-р Стево Пендаровски, Национален координатор за подготовка на Република Македонија за членство во НАТО, Ејуп Рустеми, директор на АД за поштенски сообраќај „Македонски пошти“ - Скопје, Илија Ивановски, заменик на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Калинка Габер, државна секретарка во Секретаријатот за европски прашања, Драган Тилев и Христина Конеска Бероска од Секретаријатот за европски прашања и Биљана Пецовска, нотарка.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за

надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

**(1)** Подготовка на Придонесот на Република Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија

**(2)** План 18

- Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија

**(1)** Информација за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Македонија за ИПА 2017 година, со прилози

**(2)** Информација за доделената дополнителна ИПА финансиска помош од Европската Унија на Република Македонија во секторите транспорт и животна средина и климатски промени за периодот 2014-2020 година

- Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО

  - Извештај од одржаните пристапни разговори за членство на Република Македонија во НАТО

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија

2. Годишна сметка, финансиски извештаи и Извештај за работењето за 2017 година на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје, во државна сопственост, со предлог-одлуки

3. Информација за изменување на Одлуката за распределба на добивката на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2017 година, со Предлог-одлука

4. Информација за потребата од фазно финансирање и реализирање на изградбата и инсталацијата на електронскиот систем за наплата на патарини во Република Македонија

5. Информација за преземање иницијатива и напредок во процес на усогласување на текст на Договор за научна и техничка соработка помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Генералниот директорот за здравствена заштита на животните и ветеринарно медицински препарати и Генералниот директорот за хигиена, безбедност на храна и исхрана при Министерство за здравство на Република Италија од областа на ветеринарното јавно здравство, со усогласен текст на Договор

6. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата

7. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука/пресуда и предмети одземени во управна постапка (вкупно 47 моторни возила и електрометар) на државни органи, единиците на локалната самоуправа и други и Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

8. Информација за престанок и за давање движни ствари на трајно користење на Општина Велес, со Предлог-одлука

9. Информација за престанок и за давање движни ствари на трајно користење на Општина Куманово, со Предлог-одлука

10. Информација за изменување на Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи

11. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со Нацрт -текст на Спогодба

12. Информација за донесување на решение за изменување на Решението за именување на членови на Групата за процена, со Предлог-решение

13. Информација за донесување Одлука за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Центарот за управување со кризи, со Предлог-одлука

14. Одлука за продажба на акциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на јавна берзанска аукција број 02-4251/1 од 26.9.2018 година, со Предлог-одлука

15. Одлука за продажба на уделите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на јавна берзанска аукција број 02-4252/1 од 26.9.2018 година, со Предлог-одлука

16. Информација со правилници за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Фондот за иновации и технолошки развој и на Правилникот за изменување на Правилникот за организација на Фондот за иновации и технолошки развој, со Предлог-одлуки

17. Информација за реализација на проектот - Возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник

18. Информација за Барањето на Асоцијацијата на здруженија на работодавачите на трговските друштва за превоз на патници на Република Македонија „ИСТОК“ Асоцијација Исток - Скопје за добивање статус на организација од јавен интерес, со Предлог-решение

**б) Економски систем и тековна економска политика**

19. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновање на право на стварна службеност

20. Информација во врска со Оперативниот буџет на ТАВ Македонија за 2018 година, со текст на Оперативен буџет

21. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Договорот за економска соработка помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, со усогласен текст на Договор

22. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Костени Врвој“ Општина Охрид, со Предлог-одлуки

23. Информација во врска со активирање на банкарските гаранции за изведба за малите хидроелектрани за локациите бр.158 Кадина Река, 351 Зрновска Река и 353 Зрновска Река на концесионерот „ИМПГ“ ДОО

24. Информација за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Кичево, Скопје, Неготино, Кавадарци, Берово и Струга, со Предлог-решение

25. Информација за обезбедување на финансиски средства за подготовка на тендерска документација за издавање на управувањето со комунален отпад во Југозападен, Пелагониски, Вардарски и Југоисточен плански Регион под концесии

**в) Политички систем**

26. Информација за Акцискиот план за Регионалната економска област и за формирање на Координативно тело за градење и спроведување на Регионалната економска област во Западен Балкан, со Предлог-одлука и Предлог-решение

27. Информација за правосилност на следните одлуки на Европскиот суд за човекови права против Република Македонија: Ќатоски против Република Македонија (А.бр.6214/15), Ушлиновски против Република Македонија (А.бр.35242/16), Миленковски против Република Македонија (А.бр.51787/16), Мушаревски против Република Македонија (А.бр.33783/17), Димитриева и други против Република Македонија (А.бр.25338/17) и Арсовска против Република Македонија (А.бр.2107/15), со Предлог-одлука

28. Информација за воспоставување на развиена кохерентна институционална поставеност на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт, со Предлог-акциски план

29. Информација за потребата од доставување на шестмесечна законодавна агенда од страна на Владата на Република Македонија до Собранието на Република Македонија

30. Информација за потребата од пристапување кон изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

31. Предлог-закон за дополнување на Законот за ученичкиот стандард

32. Информација за извршените преговори за склучување на План за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Македонија и Министерството за здравство на Република Бугарија за периодот од 2018 до 2021 година, со усогласен текст на Планот

33. Информација за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година, со текст на Ревидиран оперативен план

34. Информација за потребата за основање на нова национална установа „Гостиварски театар“-Гостивар, со Предлог-одлука за основање на Национална установа „Гостиварски театар“-Гостивар

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) Економски систем и тековна економска политика**

35. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација за изградба на Автопат А2, делница Кичево-Охрид на минерална суровина - дијабаз на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот „Врбјани“, Општина Дебарца

36. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Трите Дола“, Општина Велес

37. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ П.О. - Скопје

**б) Политички систем**

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Агенција за управување со одземен имот

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

39. Барање за давање на автентично толкување на член 5, став 3 од Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Македонија“ бр.137/13 и 153/15), поднесено од пратеничката Ивана Туфегџиќ

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

40. Иницијатива поднесена од Влатко Илиевски од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр. 103/2018 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 5 став 1 од Законот за финансиска дисциплина („Службен весник на Република Македонија“ бр.187/2013, 201/2014 и 215/2015)

41. Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за распишување на референдум од 30.7.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/2018), поднесена од адвокат Томе Тодоровски од Свети Николе

42. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.104/2018, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став 1 точка 5 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2006, 35/2008, 150/2010 и 83/2018) поднесена од Влатко Илиевски од Скопје

43. Иницијатива поднесена од Влатко Илиевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.105/2018, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 34 став 3 од Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/2001, 92/2008, 139/2009 и 35/2010)

44. Понуда од нотарот Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр. 44693 за КО Трубарево на КП бр. 248

45. Понуда од нотарот Џеват Бучи од Скопје, за продажба на недвижен имот во сопственост на Ерон Фејзула со Имотен лист бр. 100094 за КО Бутел

46. Предлог од нотарката Лидија Смиљаноска од Скопје, за размена на недвижни ствари сопственост на Република Македонија со недвижни ствари - приватна сопственост со Имотен лист бр.389 за КО Бујковци, пописен лист бр.97 за КО Бујковци, пописен лист бр.98

КО Бујковци, пописен лист бр.232 за КО Бујковци, Имотен лист бр.54 за КО Бунарџик, Имотен лист бр.129 за КО Миладиновци, Имотен лист бр.5371 за КО Миладиновци, Имотен лист бр.5378 за КО Миладиновци, Имотен лист бр.5452 за КО Миладиновци и пописен лист бр.137 за КО Мршевци

**д) други предлози**

47. Кадровски прашања

48. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

49. Полугодишен извештај за работа на Агенцијата за филм на Република Македонија за 2018 година (за период 1.1.2018 година - 30.6.2018 година)

50. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1 јули до 30 септември 2018 година

51. Годишна програма, со Финансиски план на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за 2018 година

52. Извештај за финансиското работење за периодот од 1.4.2018 до 30.6.2018 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа „Државна лотарија на Македонија" - Скопје, во државна сопственост

53. Информација за извршените контроли за квалитетот на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Македонија за втор квартал од 2018 година

54. Информација за извршените контроли за квалитетот на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Македонија за трет квартал од 2018 година

55. Информација за Ажурирање на Акциски план за проект: Воведување на информациски систем за управување со енергијата ЕМИС, за периодот 1.1-30.8.2018 година

56. Информација за можноста за вршење на периодични здравствени прегледи од страна на здравствени работници на корисниците во дневните центри за деца и лица со пречки во развојот

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

57. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита

58. Програма за изменување и дополнување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно

суспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2018 година

59. Информација за потребата од именување на членови од Република Македонија во мешовитата работна група за воведување на заеднички контроли на надлежните органи на Република Македонија и Република Србија на патниот граничен премин Табановце-Прешево

60. Информација за потребата од изнаоѓање Решение за стопанисување и управување со Комплексот Македонско село во Нерези - Скопје

*

* *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

**(1)** Владата ја разгледа Подготовката на Придонесот на Република Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија и притоа заклучи:

1. Се задолжуваат ресорните институции да ги достават комплетните прилози кон Годишниот извештај на Европската комисија на македонски јазик до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 2.11.2018 година во електронска и хартиена форма потпишани од раководното лице на институцијата.

2. Се задолжуваат ресорните институции да ги достават прилозите кон Годишниот извештај на Европската комисија на англиски јазик до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 7.11.2018 година во електронска и хартиена форма потпишани од раководното лице на институцијата.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го достави до Владата за утврдување сублимираниот Придонес за сите поглавја на македонски јазик, најдоцна до 6.11.2018 година.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го достави Придонесот на Република Македонија до Европската комисија, на англиски јазик на 12.11.2018 година.

**(2)** Владата го разгледа и утврди Планот 18 со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија соодветно да го објавата Планот 18 на веб-страниците на Владата и Секретаријатот за европски прашања на македонски, албански и англиски јазик и истиот да го промовираат.

2. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, во соработка со заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, министерот за правда, д-р Рената Десковска и министерот за информатичко општество и администрација Дамјан Манчевски, да

организираат одделни промотивни настани за клучните области од Планот 18 во наредните две недели.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ги информира Европската Комисија, Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија и амбасадорите на земјите-членки за Планот 18 и статусот на реализација на мерките.

4. Се задолжуваат институциите носители да го информираат Секретаријатот за европски прашања за статусот на реализација на мерките најдоцна до 2.11.2018 година.

5. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања редовно да ја информира Владата за реализацијата на Планот 18 во рамките на претточката Состојби и напредок во процесот на европска интеграција.

Истовремено, Владата заклучи во Планот 18 во делот на Реформа на правосудството да се прифатат новите рокови предложени од Министерството за правда.

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

**(1)** Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Македонија за ИПА 2017 година, со прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Македонија за ИПА 2017 година.

2. Се овластува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, да ја потпише Финансиска спогодба помеѓу Европската комисија и Владата на Република Македонија за финансирање на Годишна акциска програма за Република Македонија за 2017 година ИПА/2017/040-200, Цел 1 и ИПА/2017/040-202, Цел 2.

3. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Министерството за култура, Министерството за труд и социјална политика, Царинската управа на Република Македонија, Управата за јавни приходи, Дирекцијата за заштита и спасување, како корисници на програми од Акција 1 „Поддршка за учество во Програмите на Унијата“ да го предвидат потребниот износ на задолжително национално кофинансирање за плаќање на влезните билети во рамките на буџетското планирање за 2019 година.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да го обезбеди потребниот износ за национално кофинансирање во рамки на максималните износи на расходи за соодветните години за спроведување на Акција 3: Поддршка за реформа на јавната администрација и статистиката.

5. Се задолжува Државниот завод за статистика да го обезбеди потребниот износ за национално кофинансирање во рамки на максималните износи на расходи за соодветните години за спроведување на Акција 3: Поддршка за реформа на јавната администрација и статистиката.

6. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да го обезбеди потребниот износ за национално кофинансирање во рамки на максималните износи на расходи за соодветните години за спроведување на Акција 3: Поддршка за реформа на јавната администрација и статистика.

7. Се задолжува Министерството за финансии да го обезбеди потребниот износ за национално кофинансирање за договорите кои ќе се спроведуваат преку системот на индиректно управување во рамки на Акција 4: Поддршка на Европска Унија за образование, вработување и социјална политика.

8. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука да го обезбедат потребниот износ за национално кофинансирање за спроведување на Акција 4: Поддршка на Европска Унија за образование, вработување и социјална политика, Резултат 1: Зајакнување на секторското управување, политичка рамка и статистика.

9. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Државниот завод за статистика да го обезбедат потребниот износ за национално кофинансирање за спроведување на Акција 4: Поддршка на Европска Унија за образование, вработување и социјална политика, Резултат 1: Подобрен квалитет и достапност на социјалните услуги.

**(2)** Владата ја разгледа Информацијата за доделената дополнителна ИПА финансиска помош од Европската Унија на Република Македонија во секторите транспорт и животна средина и климатски промени за периодот 2014-2020 година и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Владата ја поздравува одлуката на Европската Унија да додели на Република Македонија дополнителни финансиски средства во износ од 8.042.982 евра за секторите транспорт и животна средина и климатски промени.

2. Ја усвои Информацијата за доделената дополнителна ИПА финансиска помош од Европската Унија на Република Македонија во секторите транспорт и животна средина и климатски промени за периодот 2014-2020 година, со тоа што во текстот на Информацијата на страна 2, во ставот 2, во првата алинеја, износот наместо „360.000 евра“ да биде „352.941 евра“ и во табелата на страна 3 во делот-акција 5 - реформи и хоризонтална секторска поддршка во колоната национално кофинансирање, износот, наместо „1,548,726.25“ да биде „1,541,666.43“.

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи во улога на Национален ИПА координатор да ја информира Европската Унија дека се согласува со дополнителните финансиски средства и нивната употреба и дека ќе го обезбеди националното ко-финансирање во буџетите на двете надлежни институции - Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за финансии, започнувајќи од буџетот за 2020 година.

- **Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО**

Владата го разгледа и усвои Извештајот од одржаните пристапни разговори за членство на Република Македонија во НАТО, одржани на 18 и 19 октомври 2018 година, во седиштето на Алијансата во Брисел.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и Извештајот за работењето за 2017 година на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје, во државна сопственост, со предлог-одлуки ги донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи на АД за поштенски сообраќај ,,Македонска пошта“ - Скопје, во државна сопственост за 2017 година и новиот текст на Одлуката за одобрување на Извештајот за работењето на АД за поштенски сообраќај ,,Македонска пошта“ - Скопје, во државна сопственост за 2017 година, во предложените текстови.

Истовремено, Владата ги задолжи управните органи на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје, во државна сопственост во рок од три месеци да подготват и достават бизнис план за подобрување на работењето на Друштвото, со подобрување на показателите на економичност, солвентност и друго.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изменување на Одлуката за распределба на добивката на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2017 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2017 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од фазно финансирање и реализирање на изградбата и инсталацијата на електронскиот систем за наплата на патарини во Република Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од пет дена, да подготви и достави допис до Европската банка за обнова и развој со кој ќе ја извести за намерата на Владата на Република Македонија:

- тековниот Проект за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини долж Коридор 10 да се имплементира како фаза 1, и

- да побара средства за финансирање во вид на заем обезбеден со државна гаранција во износ од 13 милиони евра за Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини, фаза 2 - долж Коридорот 8 и автопатот Миладиновци - Штип, како и грант средства за консултантски услуги за имплементација на истиот.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта, да достави барање за добивање на согласност за задолжување со државна гаранција до Министерството за финансии во износ од 13 милиони евра за финансирање на Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини, фаза 2- долж Коридорот 8 и автопатот Миладиновци - Штип.

3. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Јавното претпријатие за државни патишта, по добивање на позитивен одговор од Европската банка за обнова и развој и по завршување на преговорите со банката за фаза 2 да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по договорот за заем за Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот X, како и Предлог-закон за гаранција на Република Македонија на обврските по договорот за заем за Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини, фаза 2- долж Коридорот 8 и автопатот Миладиновци - Штип, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта.

Истовремено, Владата го задолжи Јавното претпријатие за државни патишта да подготви и до Владата да достави информација со преглед како точно се распределени финансиските средства од Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини во Република Македонија.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за преземање иницијатива и напредок во процес на усогласување на текст на Договор за научна и техничка соработка помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Генералниот директорот за здравствена заштита на животните и ветеринарно медицински препарати и Генералниот директорот за хигиена, безбедност на храна и исхрана при Министерство за здравство на Република Италија од областа на ветеринарното јавно здравство, со усогласен текст на Договор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договор за научна и техничка соработка помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Генералниот директорат за здравствена заштита на животните и ветеринарно медицински препарати и Генералниот директорат за хигиена, безбедност на храна и исхрана при Министерство за здравство на Република Италија од областа на ветеринарното јавно здравство.

2. Се овластува Зоран Атанасов, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство, да го потпише Договорот за научна и техничка соработка помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Генералниот директорат за здравствена заштита на животните и ветеринарно медицински препарати и Генералниот директорат за хигиена,

безбедност на храна и исхрана при Министерство за здравство на Република Италија од областа на ветеринарното јавно здравство.

3. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство, до крајот на 2018 година да ја извести Владата за исходот на потпишувањето на Договорот за научна и техничка соработка помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Генералниот директорат за здравствена заштита на животните и ветеринарно медицински препарати и Генералниот директорат за хигиена, безбедност на храна и исхрана при Министерство за здравство на Република Италија од областа на ветеринарното јавно здравство.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за висината на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуките за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука/пресуда и предмети одземени во управна постапка (вкупно 47 моторни возила и електрометар) на државни органи, единиците на локалната самоуправа и други и Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, откако претходно ќе се разгледаат на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата предлагачот да ги усогласи текстовите на предлог-одлуките со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за престанок и за давање движни ствари на трајно користење на Општина Велес, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање движни ствари на трајно користење на Општина Куманово, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата за изменување на Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи, поради потребата претходно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви и до Владата да достави предлог

за соодветни законски измени на Законот за земјоделство и рурален развој (во насока да се избришат членовите 99, 99-а и 99-б, односно да престане да важи Уредбата донесена по овој закон).

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со Нацрт - текст на Спогодба и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт - текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за размена и заемна заштита на класифицирани информации, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот и членовите на делегацијата на Република Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

3. Се овластува шефот на делегацијата на Република Македонија да го парафира текстот на Спогодбата, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува делегацијата на Република Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена на Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Спогодбата.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на решение за изменување на Решението за именување на членови на Групата за процена, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за именување членови на Групата за процена, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување Одлука за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Центарот за управување со кризи, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Центарот за управување со кризи, во предложениот текст.

Трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Центарот за управување со кризи.

**Точка 14**

Владата по Одлуката за продажба на акциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на јавна берзанска аукција број 02-4251/1 од 26.9.2018 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на јавна берзанска аукција, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата по Одлуката за продажба на уделите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на јавна берзанска аукција број 02-4252/1 од 26.9.2018 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на уделите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на јавна берзанска аукција, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата со правилници за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Фондот за иновации и технолошки развој и на Правилникот за изменување на Правилникот за организација на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки, за наредната седница на Владата, поради потребата истата претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 17**

Владата на предлог на Асаф Адеми, министер за култура го повлече од Дневен ред разгледувањето на Информацијата за реализација на проектот - Возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за Барањето на Асоцијацијата на здруженија на работодавачите на трговските друштва за превоз на патници на Република Македонија „ИСТОК“ Асоцијација Исток - Скопје за добивање статус на организација од јавен интерес, со Предлог -решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението со кое се одбива како неосновано Барањето на Асоцијацијата на здруженија на работодавачите на трговските друштва за превоз на патници на Република Македонија „ИСТОК“ Асоцијација Исток - Скопје за добивање статус на организација од јавен интерес, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновање на право на стварна службеност (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Оперативниот буџет на ТАВ Македонија за 2018 година, со текст на Оперативен буџет и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри Оперативниот буџет на ТАВ Македонија за 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го информира ТАВ Македонија за одобрувањето на Оперативниот буџет за 2018 година.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договорот за економска соработка помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, со усогласен текст на Договор и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за економска соработка помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина.

2. Го определи Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија, да го парафира усогласениот текст на Договорот за економска соработка помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина до крајот на 2018 година.

3. Го определи м-р Крешник Бектеши, министер за економија, во име на Владата на Република Македонија, да го потпише Договорот за економска соработка помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина во текот на првата половина на 2019 година.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Костени Врвој" Општина Охрид, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст, имајќи го предвид негативното Мислење на Општина Охрид (предметниот локалитет се наоѓа во опфат на простор заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, во подрачје кое е под заштита на УНЕСКО и во границите на Просторниот план на Охридско - Преспанскиот регион).

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активирање на банкарските гаранции за изведба за малите хидроелектрани за локациите бр.158 Кадина Река, 351 Зрновска Река и 353 Зрновска Река на концесионерот ИМПГ ДОО и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ИМПГ ДОО дека за локацијата бр.158 Кадина Река е настанат случај на неизвршување на обврската за отпочнување со производство на електрична енергија, односно почеток со комерцијална работа, согласно Договорот за концесија бр.12-890/1 од 28.1.2011 година по

вина на концесионерот, заради што гаранцијата за изведба во износ од 11.200.000,00 денари ќе се наплати.

Истовремено на концесионерот ќе му се даде дополнителен разумен рок од девет месеци, односно до 13.6.2019 година да ги исправи пропустите во однесувањето за да се обезбеди почитување на Договорот за концесија.

Притоа концесионерот да достави нова гаранција за изведба најдоцна до 6.12.2018 година, со важност од најмалку 30 дена повеќе, од датумот на истекот на разумниот рок.

2. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ИМПГ ДОО дека за локацијата бр.353 Зрновска Река е настанат случај на неизвршување на обврската за отпочнување со производство на електрична енергија, односно почеток со комерцијална работа, согласно Договорот за концесија бр.12-887/1 од 28.1.2011 година по вина на концесионерот заради што гаранцијата за изведба во износ од 1.820.062,00 денари ќе се наплати.

Истовремено на концесионерот ќе му се даде дополнителен разумен рок од девет месеци, односно до 23.5.2019 година да ги исправи пропустите во однесувањето за да се обезбеди почитување на Договорот за концесија.

Притоа концесионерот да достави нова гаранција за изведба најдоцна до 6.12.2018 година со важност од најмалку 30 дена повеќе, од датумот на истекот на разумниот рок.

3. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ИМПГ ДОО дека за локацијата бр.351 Зрновска Река е настанат случај на неизвршување на обврската за отпочнување со производство на електрична енергија, односно почеток со комерцијална работа, согласно Договорот за концесија бр.12-888/1 од 28.1.2011 година по вина на концесионерот, заради што гаранцијата за изведба во износ од 4.256.144,00 денари ќе се наплати.

Истовремено на концесионерот ќе му се даде дополнителен разумен рок од девет месеци, односно до 19.5.2019 година да ги исправи пропустите во однесувањето за да се обезбеди почитување на Договорот за концесија.

При тоа концесионерот да достави нова гаранција за изведба најдоцна до 6.12.2018 година со важност од најмалку 30 дена повеќе, од датумот на истекот на разумниот рок.

4. Се задолжува Министерството за економија со допис да побара од Народната банка на Република Македонија да се наплатат банкарските гаранции за трите мали хидроцентрали на ИМПГ ДОО во вкупен износ од 17.276.206,00 денари.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Кичево, Скопје, Неготино, Кавадарци, Берово и Струга, со Предлог-решение (нов текст), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на финансиски средства за подготовка на тендерска документација за издавање на управувањето со комунален отпад во Југозападен, Пелагониски, Вардарски и Југоисточен плански Регион под концесии и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја продолжи постапката за информирање на општините Росоман и Дебрца за позитивните ефекти од изградба на регионалните центри на нивната територија, до конечно потпишување на Одлуките од страна на Советите на овие општини.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рамките на својот буџет за 2018 година да обезбеди 50.000,00 денари за подготовка на објавата на меѓународен повик за избор на консултант заради изработка на физибилити студија за концесиски проект, тендерска документација и Нацрт-договор за концесија за регионално управување со комунален отпад во Југозападниот, Пелагонискиот, Вардарскиот и Југоисточниот плански Регион.

3. Се задолжува Министерството за финансии во рамките на следното буџетирање за 2019 година да ги планира потребните средства во висина од 30.500.000,00 денари, а Министерството за животна средина и просторно планирање да ги вметне овие средства во буџетскиот циркулар за 2019 година.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Акцискиот план за Регионалната економска област и за формирање на Координативно тело за градење и спроведување на Регионалната економска област во Западен Балкан, со Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Координативно тело за градење и спроведување на Регионалната економска област во Западен Балкан со заклучок истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Редакциски усогласеното Предлог-решение за именување претседавач, контакт-лица, компонентни контакт-точки, членови и секретар на Координативно тело за градење и спроведување на Регионалната економска област во Западен Балкан да се разгледа на наредната седница на Владата.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на следните одлуки на Европскиот суд за човекови права против Република Македонија: Ќатоски против Република Македонија (А.бр.6214/15), Ушлиновски против Република Македонија (А.бр.35242/16), Миленковски против Република Македонија (А.бр.51787/16), Мушаревски против Република Македонија (А.бр.33783/17), Димитриева и други против Република Македонија (А.бр.25338/17) и Арсовска против Република Македонија (А.бр.2107/15), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

Средствата во вкупен износ од 48.650 евра во денарска противвредност да им бидат исплатени на жалителите заклучно со крајниот рок кој истекува на 6.12.2018 година во однос на сите шест одлуки.

## Точка 28

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за воспоставување на развиена кохерентна институционална поставеност на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт, со Предлог-акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати најновиот текст на Акцискиот план за реорганизација/оптимизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од еден месец, да формира меѓуресорска работна група од раководни административни службеници која ќе го координира процесот на реализација на Акцискиот план, а која ќе биде составена со претставници од Министерството за информатичко општество и администрација, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Централниот регистар на Република Македонија, Министерството за финансии, Министерството за култура, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања, која ќе ја координира државниот секретар во Министерството за информатичко општество и администрација.

3. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за финансии, Министерството за култура, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Секретаријат за европски прашања, а се укажува на Централниот регистар на Република Македонија, во рок од 15 дена, да доставaт до Министерството за информатичко општество и администрација номинација на член за меѓуресорската работна група.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација на секои три месеци да ја информира Владата за прогресот на активностите утврдени во Акцискиот план.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од доставување на шестмесечна законодавна агенда од страна на Владата на Република Македонија до Собранието на Република Македонија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во рок од седум дена од денот на донесувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија, до Службата на Собранието на Република Македонија, да достави извадок од Програмата, во кој ќе бидат содржани само иницијативите за предлози на закони и други акти што ги носи Собранието.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во рок од седум дена од денот на усвојувањето на Шестмесечниот извештај за реализација на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија, да ја ажурира Годишната програма за работа на Владата и до Службата на Собранието на Република Македонија, да достави извадок од Програмата за периодот јули - декември, во кој ќе бидат содржани само иницијативите за предлози на закони и други акти што ги носи Собранието.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да ја спореди Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија со Планот 18, во однос на предлог-законите кои се дел од Планот 18, а кои не биле земени во предвид при подготвувањето на Годишната програма, со цел истите да се додадат во Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од пристапување кон изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда да ја разгледа Информацијата и со свој став да се произнесе по однос на предлогот за соодветни изменувања и дополнувања на Законот за сопственост и други стварни права.

## Точка 31

Владата го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за ученичкиот стандард (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука и д-р Петар Атанасов, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Енвер Хусејин, државен секретар во Министерството за образование и наука и Милка Масникоса, раководителка на сектор во Министерството за образование и наука.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за извршените преговори за склучување на План за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Македонија и Министерството за здравство на Република Бугарија за периодот од 2018 до 2021 година, со усогласен текст на Планот и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Планот за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Македонија и Министерството за здравство на Република Бугарија за периодот од 2018 до 2021 година.

2. Се овластува д-р Венко Филипче, министер за здравство, да го потпише Планот за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Македонија и Министерството за здравство на Република Бугарија за периодот од 2018 до 2021 година.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година, со текст на Ревидиран оперативен план, ја усвои Информацијата и го прифати Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата за основање на нова национална установа „Гостиварски театар"-Гостивар, со Предлог-одлука за основање на Национална установа „Гостиварски театар"-Гостивар, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за основање на Национална установа „Гостиварски театар" - Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за изградба на Автопат А2, делница Кичево-Охрид на минерална суровина - дијабаз на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот „Врбјани", Општина Дебарца, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Трите Дола", Општина Велес.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Македонски шуми П.О. - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Агенција за управување со одземен имот, усогласен со Секретаријат за законодавство.

**Точка 39**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 5, став 3 од Законот за правосудниот испит, поднесено од пратеникот Ивана Туфегџиќ и притоа го утврди следново мислење:

Имено, согласно член 5 став 3 од Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Македонија" бр.137/13 и 153/15) „Испит можат да полагаат и лица кои се дипломирани правници кои студирале според Болоњската декларација и имаат 300 кредити

според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) со работа од најмалку една година на правни работи во суд, јавно обвинителство, државен правобранител, народен правобранител, адвокат, нотар и извршител“.

Во досегашната пракса на Министерството за правда во однос на член 5 став 3 од Законот за правосудниот испит, стажот од најмалку една година на правни работи се смета по стекнување 300 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС).

Согласно горенаведеното, Владата на Република Македонија смета дека член 5 став 3 од Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Македонија“ бр.137/13 и 153/15) е јасен и прецизен и нема потреба од автентично толкување на истиот.

## Точка 40

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Влатко Илиевски од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр. 103/2018 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 5 став 1 од Законот за финансиска дисциплина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 187/2013, 201/2014 и 215/2015) и притоа го утврди следново мислење:

Членот 5 став 1 од Законот за финансиска дисциплина, уредува дека во деловна трансакција меѓу економските оператори од приватниот сектор не може да се договори рок за исполнување на паричните обврски подолг од 60 дена.

Според подносителот на Иницијативата, членот 5 став 1 од Законот за финансиска дисциплина е во спротивност со член 8 став 1 алинеја 7 од Уставот на Република Македонија, според кој темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се слободата на пазарот и претприемништвото. Истовремено, подносителот наведува дека оспорената одредба не е во согласност со член 55 од Уставот според кој „Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.“.

Во образложението на Иницијативата, подносителот наведува дека со оспорениот став 1 од член 5 од Законот за финансиска дисциплина се ограничува слободата на учесниците во стоковно-паричните односи слободно да ги уредуваат своите односи и тоа во делот на исполнување на паричните обврски. Се наведува дека ваквото ограничување претставува недозволено мешање на државата и ставање на стопанските субјекти во неповолна положба, особено во услови на стопанска криза. Истовремено, укажува дека ваквиот вид на ограничување се однесува само на приватниот сектор.

Во врска со наводите на подносителот на Иницијативата, се укажува дека Законот за финансиска дисциплина произлезе од потребите на економските оператори во праксата, односно од непочитувањето на роковите за плаќање и несразмерно долгите рокови особено за малите и средни претпријатија за намирување на обврските утврдени во деловните договори. Поради долгите рокови за плаќање, економските оператори се соочуваа со проблеми во наплатата на меѓусебните побарувања, кои што влијаеја на ликвидноста на

стопанските субјекти, како и на намалување на конкурентноста и профитабилноста на истите.

Согласно член 5 став 3 од Законот за финансиска дисциплина утврдено е дека во деловна трансакција меѓу економските оператори од приватниот сектор може да се договори рок подолг од 60 дена, но не подолг од 120 дена, доколку постои изречна писмена согласност од двете страни. Ваквата одредба укажува дека не се основани наводите во Иницијативата дека не може да се договори подолг рок од рокот утврден во членот 5 став 1 од Законот.

Не се точни наводите на подносителот дека ваквото ограничување се однесува само на приватниот сектор. Согласно член 6 став 1 од Законот за финансиска дисциплина, во деловна трансакција меѓу субјект од јавниот сектор и економски оператор од приватниот сектор не може да се договори рок за исполнување на паричните обврски подолг од 60 дена во случај кога субјектот од јавниот сектор се јавува како должник. Според тоа, предвидените рокови за исполнување на паричните обврски се задолжителни за економските субјекти од приватниот сектор и за субјектите од јавниот сектор.

Законот за финансиска дисциплина воспоставува законска рамка на правила кои се еднакви за сите и обезбедуваат слобода на пазарот и претприемништвото, еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и се однесуваат подеднакво за сите економски оператори и субјекти од јавниот сектор. Деловните субјекти најмногу се соочуваат со проблеми во наплата на меѓусебните побарувања, а примената на овој закон значи поголема сигурност и предвидливост на наплатата. Притоа, деловните субјекти имаат еднаква можност самостојно да ги утврдуваат роковите во договорите во рамки на Законот. Навремената и брза наплата на побарувањата не само што го зајакнува финансискиот капацитет на компаниите, туку таа е предуслов за понатамошен развој на компаниите и еднаква можност за сите учесници на пазарот за зголемување на пазарното учество, а не можност за монополско однесување.

Република Македонија, како земја-кандидат за членство во Европската Унија, има обврска да го усогласи домашното законодавство со европското до денот на стекнување на полноправното членство. Во таа насока, со Законот за финансиска дисциплина се изврши имплементирање на Директивата 2011/7/ЕЦ за задоцнето плаќање при деловни трансакции. Директивата ги регулира сите деловни трансакции без оглед на тоа дали се извршени меѓу економски оператори од приватниот сектор или субјекти од јавниот сектор. Согласно член 3 став 5 од Директивата во деловните трансакции меѓу економските оператори од приватниот сектор рокот за исполнување на паричните обврски не може да биде подолг од 60 дена, освен ако не е поинаку договорено и под услов тоа да не е значително нефер кон доверителот.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 5 став 1 од Законот за финансиска дисциплина, како и при одлучувањето по оваа Иницијатива да го има предвид Решението У.бр.45/2014 со кое не се поведува постапка за оцена на уставноста на член 5 ставови 1 и 3 од Законот за финансиска дисциплина.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за распишување на референдум од 30.7.2018 година („Службен

весник на Република Македонија“ бр.140/2018), поднесена од адвокат Томе Тодоровски од Свети Николе и притоа го утврди следново мислење:

Референдумот претставува облик на непосредно одлучување на граѓаните за одреден правен акт или за донесување на одредена одлука од посебно значење за државата или локалната заедница. Референдумот претставува најзначајна и најраспространета институција на непосредната демократија во светот.

Согласно член 1 став (1) од Уставот на Република Македонија, Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава.

Согласно членот 2 став (2) од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници, по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување.

Според член 8 став 1 алинеја 1 и алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со уставот и владеењето на правото.

Според член 68 став 1 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија распишува референдум.

Според член 73 став 1 од Уставот на Република Македонија, Собранието одлучува за распишување на референдум за одделни прашања од својата надлежност со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Подносителот на Иницијативата наведува дека со Одлуката за распишување на референдум од 30 јули 2018 година, се повредени повеќе членови од Законот за референдум посебно членовите 2, 9 и 15, односно дека Договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција не е потпишан од Претседателот на државата, ниту е објавен во Службен весник на Република Македонија, поради што граѓаните воопшто не биле запознаени со неговата содржина и дека биле доведени во апсурдна ситуација да гласаат за договор кој ниту го прочитале.

Со оглед на наведеното, се смета дека оспорените одредби од Законот за референдум („Службен весник на Република Македонија“ бр.81/2005), се во согласност со членот 1, членот 2, членот 8, членот 68, членот 73 од Уставот на Република Македонија, а имајќи предвид дека со членот 2 од Законот за референдум е пропишано дека референдумот е облик на непосредно изјаснување на граѓаните во одлучувањето за одделни прашања од надлежност на Собранието на Република Македонија, за прашањата од надлежност на општините, на Градот Скопје, како и за други прашања од локално значење.

Според членот 9 од Законот за референдум, референдумот се распишува со одлука, при што Одлуката за распишување на референдумот од 30.7.2018 година е објавена во („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/18).

Одлуката за распишување референдум е во согласност и со членот 15 од Законот за референдумот.

Според членот 15 став (1) од Законот за референдум на референдумот се гласа со гласачко ливче.

Според ставот (2) од истиот член гласачкото ливче го содржи прашањето што се става на референдумот, упатството за начинот на гласањето и серискиот број на гласачкото ливче во делот кој останува на кочанот на блокот.

Според ставот (4) од наведениот член прашањето на гласачкото ливче мора да биде прецизно формулирано и недвосмислено, така што граѓанинот на референдумот да може да одговори со „ЗА“ или „ПРОТИВ“.

Имајќи предвид дека референдумот во Република Македонија е спроведен на 30.9.2018 година, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива и да донесе решение со кое се одбива како неоснован предлогот за донесување на решение за изрекување на времена мерка.

## Точка 42

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.104/2018, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став 1 точка 5 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2006, 35/2008, 150/2010 и 83/2018) поднесена од Влатко Илиевски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива се оспорува членот 35 став 1 точката 5) од Законот за судовите, која се однесува на надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија и гласи: „5) да одлучува по барање на странките и другите учесници во постапката за повреда на правото на судење во разумен рок, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Македонија во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права и“.

Подносителот се обратил до судот заради повреда на темелната вредност „Владеење на правото“ определена со членот 8 став 1 алинејата 3 на Уставот на Република Македонија.

Со оглед на значењето и обемот на „Владеењето на правото“, подносителот сметал дека со предвидениот член 35 став 1 точката 5) од Законот, кој се однесува на повреда на правото на судење во разумен рок, била скратена можноста за заштита на другите слободи и права согласно членовите 2, 3, 4 и 5 од Европската конвенција за човекови права и слободи.

На тој начин, подносителот е на мислење дека законодавецот ја елиминирал можноста на граѓаните да бараат заштита пред Врховниот суд на Република Македонија за другите слободи и права на побрз, поефикасен и поекономичен начин.
Владата смета дека Иницијативата е неоснована, а оспорената одредба од Законот е во согласност со Уставот на Република Македонија.

Имено, Конвенција е директно применлива во нашето законодавство согласно процесните закони, и од таа причина, странките можат да поднесуваат барање за заштита на нивните

права и да поднесуваат правни средства (редовни и вонредни) пред судовите од сите степени.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија поднесената иницијатива да ја отфрли како неоснована.

## Точка 43

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Влатко Илиевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.105/2018, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 34 став 3 од Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/2001, 92/2008, 139/2009 и 35/2010) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата, Влатко Илиевски од Скопје во наведениот акт предлага Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на одредбата од член 34 став 3 од Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2001, 92/2008, 139/2009 и 35/2010), поради повреда на одредбата од член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија.

Според член 33 став 1 од Законот за сопственост и други стварни права, сопственикот кој има намера да го продаде својот сопственички дел е должен на другите сосопственици со подавка преку нотар да им го понуди за продажба својот дел и да им ја соопшти цената и условите за продажба. Според став 2 од истиот член, ако сосопствениците на стварта на кои им се нуди сосопственичкиот дел од неа не се изјаснат дека ја прифаќаат понудата во рок од 30 дена од соопштението на подавката од став 1 на овој член, сосопственикот може сосопственичкиот дел да го продаде на друго лице.

Според член 34 став 1 од истиот закон, ако сосопственикот што го продава својот сосопственички дел не им даде понуда на сите сосопственици, во таков случај сосопствениците на кои не им е дадена понудата можат по судски пат да бараат продажбата да се поништи и сосопственикот што го продава својот дел да постапи согласно одредбите од ставовите 2 и 3 од членот 33 на овој закон. Според став 2 од истиот член, тужбата за повреда на правото на првенствено купување може да се поднесе во рок од 30 дена од денот кога секој од сосопствениците дознал за продажбата и за условите на продажбата.

Оспорената одредба од член 34 став 3 од Законот за сопственост и други стварни права предвидува дека „Без оглед на тоа кога сосопствениците дознале за продажбата и за условите за продажбата, тужбата поради повреда на правото на првенствено купување не може да се поднесе по истекот на рокот од шест месеци од запишувањето во јавните книги, ако стварта е недвижна, а ако стварта е подвижна од денот на склучувањето на договорот.“.

Според подносителот на Иницијативата со оспорената одредба се ставаат во поповолна положба оние што го повредуваат правото на првенствено купување, овозможувајќи преку краткиот рок во кој може да се поднесе тужба за повреда на правото, да го отуѓат својот сопственички дел на штета на другите сосопственици, кои имаат право први да бидат понудени за откуп. На тој начин се вршело повреда на член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија според кој граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Првично, во Иницијативата не е воопшто образложено со што оспорената одредба од член 34 став 3 од Законот за сопственост и други стварни права е во спротивност со член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија, така што нема аргументи дека овој член од Законот е во спротивност со Уставот на Република Македонија.

Инаку, Уставот на Република Македонија ја вбројува правната заштита на сопственоста во темелните вредности на уставниот поредок (член 8 став 1 алинеја 6), а член 30 од Уставот на Република Македонија го гарантира правото на сопственост.

Понатаму, Законот за сопственост и други стварни права во основните одредби предвидува дека „Правото на сопственост и другите стварни права се остваруваат врз основа на слободна диспозиција со нужни ограничувања предвидени во Уставот и законите“ (член 5). Членот 6 ја гарантира правната заштита на сопственоста, а членот 7 утврдува дека „Стекнувањето, заштитата и престанокот на правото на сопственост и на другите стварни права се уредуваат со закон.“.

Исто така, Законот за сопственост и други стварни права со членот 34 став 2 предвидува дека „Тужбата за повреда на правото на првенствено купување може да се поднесе во рок од 30 дена од денот кога секој од сосопствениците дознал за продажбата и за условите за продажбата“. Ставот 4 од истиот член предвидува дека „Доколку сосопственичкиот дел им бил понуден на сосопствениците по повисока цена од онаа по која е извршена продажбата или по потешки услови, или продажбата е прикриена со замена, подарок или на друг начин, тогаш тужбата поради повреда на правото на првенствено купување може да се поднесе во рокот од една година од запишувањето во јавните книги.“.

Тргнувајќи од горенаведените одредби, јасно следува дека утврдување на рок од страна на законодавецот во кој може да се поведе тужба поради повреда на правото на првенствено купување е во насока на заштита на сопственоста како темелна вредност на уставниот поредок. Имено, доколку не би постоел рок или доколку рокот би бил многу долг, тоа би значело неизвесност на новиот сопственик, односно поткопување на принципот на правна сигурност што е недозволиво од аспект на темелните вредности на владеење на правото и слобода на пазарот и претприемништвото.

Од тие причини, законодавецот во Законот за сопственост и други стварни права со членот 34 став 2 предвидел субјективен рок (30 дена од денот кога секој од сосопствениците дознал за продажбата и за условите за продажбата), но и објективен рок кој е утврден во оспорената одредба од член 34 став 3.
Воедно, рокот за покренување на тужба е уште подолг, согласно член 34 став 4 од Законот за сопственост и други стварни права, во случаите кога понудата била извршена со повисока цена од онаа по која е извршена продажбата или по потешки услови или продажбата е прикриена со замена, подарок или на друг начин.

Оспорената одредба на член 34 став 3 од Законот за сопственост и други стварни права не прави дискриминација, односно нееднаквост на граѓаните при реализација на правото за поднесување на тужба и истото се однесува на сите сопственици на недвижна или движна ствар.

Следствено на наведеното, наводите во Иницијативата дека со оспорената одредба се ставаат во поповолна положба оние што го повредуваат правото на првенствено купување во однос на лицата кои имаат право на првенствено купување, се правно неиздржани.

Тргнувајќи од сето гореспоменато, Владата на Република Македонија смета дека членот 34 став 3 од Законот за сопственост и други стварни права е во согласност со членот 9 став 2 од Уставот на Република Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Македонија предметната иницијатива да ја отфрли како неоснована, односно да не поведе постапка за оценување на уставноста на одредбата од наведениот закон.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Понудата од нотарот Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр. 44693 за КО Трубарево на КП бр. 248 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Понудата од нотарот Џеват Бучи од Скопје, за продажба на недвижен имот во сопственост на Ерон Фејзула со Имотен лист бр. 100094 за КО Бутел и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 46**

Владата го разгледа Предлогот од нотарката Лидија Смиљаноска од Скопје, за размена на недвижни ствари сопственост на Република Македонија со недвижни ствари - приватна сопственост со Имотен лист бр.389 за КО Бујковци, пописен лист бр.97 за КО Бујковци, пописен лист бр.98 КО Бујковци, пописен лист бр.232 за КО Бујковци, Имотен лист бр.54 за КО Бунарџик, Имотен лист бр.129 за КО Миладиновци, Имотен лист бр.5371 за КО Миладиновци, Имотен лист бр.5378 за КО Миладиновци, Имотен лист бр.5452 за КО Миладиновци и пописен лист бр.137 за КО Мршевци и заклучи да го одбие Предлогот поради непостоење на законски основ за прифаќање на истиот.

**Точка 47**

**1.** Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија, со која се утврдува коефициент за пресметување на платата на заменик на директорот на Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија (коефициентот да се утврди со Министерството за финансии).

Одлуката да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**2.** Владата на Емилија Радојкова и утврди престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Скопје, поради нејзино именување за член на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со Одлука на Собрание на Република Македонија бр.08-6025/1 од 18 октомври 2018 година.

**3.** Владата донесе Одлука за распишување оглас за именување државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Скопје.

**4.** Владата на Бурим Максути, разрешен од должноста заменик на директорот на КПУ Воспитно поправен дом-Тетово, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата, за време од 12 месеци, сметано од 9.10.2018 година до 9.10.2019 година.

**5.** Владата ја разреши Билјана Кавтаноска-Алческа од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Охрид, на нејзино барање.

**6.** Владата ја разреши Нина Даскалова-Старделова од должноста вршител на должноста претседател на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права, на нејзино барање.

**7.** Владата ја разреши Ленче Недева од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Специјален завод- Демир Капија.

7.1. Владата го именува Борче Ставров за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Специјален завод- Демир Капија.

**8.** Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци, ги именува:

- Вуке Мелов,
- Лазар Грков и
- Даниела Гркова.

**9.** Владата го разреши Игор Трајковски од должноста член на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" - Пробиштип, на негово барање.

9.1. Владата го именува Даниел Ефтимов за член на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" - Пробиштип.

**10.** Владата ја разреши Зорица Мартиновска од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје.

10.1. Владата го именува Стојанче Кировски за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиско работење на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје.

**11.** Владата ја именува Вангелија Мојановска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.

**12.** Владата го именува Стевче Тунтевски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Ресен.

**13.** Владата ја именува Марина Чочкова за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија.

**14.** Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево, ги именува:

- Драган Апостоловски и
- Мите Арсов.

**15.** Владата ја именува Радица Димоски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод.

**16.** Владата ја разреши Александра Карапец од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола.

16.1. Владата ја именува Ирена Зафировска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола.

**17.** Владата го именува Душко Симов за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево.

**18.** Владата ја именува Маја Златеска за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод.

**19.** Владата го разреши Дарко Талески од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола.

19.1. Владата ја именува Јасмина Петровска за член на Органот за надзор на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола.

**20.** Владата донесе Решение за исправка на Решението за именување Национален координатор за здруженија на бранители, со кое наместо зборовите „Национален координатор за здруженија на бранители“, се заменуваат со зборовите „Национален координатор за воени и полициски ветерани“ .

**21**. Владата донесе Одлука за отповикување на член на Надзорниот одбор на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација (М-НАВ), (се отповикува Милорад Милановиќ од должноста независен член на Надзорниот одбор).

Министерот за правда, д-р Рената Дескоска се иззема од гласањето и одлучувањето по овој предлог.

Истовремено, Владата заклучи Надзорниот одбор на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација (М-НАВ), до Владата да достави информација за причината за неспроведувањето на Одлуката на Владата бр. 24-211/1 од 26 декември 2017 година.

## <u>Точка 48</u>

**1.** Владата заклучи:

1) Последната точка од Заклучокот од Деведесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 25.9.2018 година, Точка 3, која гласи:

„Нафтените деривати кои се отстапуваат Јавното претпријатие „Македонијапат“ - Скопје да ги преземе од Град Скопје (од позајмените/издадени 2.160.000 литри Еуродизел БС на Град Скопје, за потребите на ЈСП, што Градот треба да ги врати на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати).“, да се избрише.

2) Ставот еден од Заклучокот од Деведесет и третата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 9.10.2018 година, Точка 14, кој гласи:

„- нафтените деривати кои се отстапуваат Општина Кратово да ги преземе од Град Скопје (од позајмените/издадени 2.160.000 литри Еуродизел БС на Град Скопје за потребите на ЈСП, што Градот треба да ги врати на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати).“, да се избрише.

**2.** Владата заклучи Министерството за образование и наука на наредната седница да ја информира Владата за тековната состојба и проблемите со кои се соочува Државниот студентски дом „Доне Божинов“ - Пробиштип, со цел изнаоѓање соодветно решение во врска со ова прашање.

**3.** Владата по повод Заклучокот донесен на Деведесет и петтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 16.10.2018 година, точка 3, а во врска со Барањето од ООУ „Страшо Пинџур“ од Вевчани за обезбедување нафта за греење на училиштето и непречено одвивање на наставата, со Предлог-одлука, заклучи Заклучокот да се измени во насока трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да ги плати Општина Вевчани.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 22.10.2018 година до 28.10.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**Точка 49**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за работа на Агенцијата за филм на Република Македонија за 2018 година (за период 1.1.2018 година - 30.6.2018 година), како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1 јули до 30 септември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Годишната програма, со Финансиски план на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за финансии, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за економија, Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија и Секретаријатот за законодавство во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави нова соодветна Предлог-уредба за начинот на чување на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

**Точка 52**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за финансиското работење за периодот од 1.4.2018 до 30.6.2018 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа „Државна лотарија на Македонија“ - Скопје, во државна сопственост, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за извршените контроли за квалитетот на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Македонија за втор квартал од 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се укажува на Државниот санитарен и здравствен инспекторат во рок од седум дена да изврши избор на акредитирана лабораторија од земјите членки на Европската Унија, за хемиска анализа на примероци од детските играчки за кои е констатирано дека се небезбедни заради хемиски својства и за изборот на истата да го извести Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, пред испраќање на примероците на анализа.

2. Се укажува на Државниот санитарен и здравствен инспекторат во случај на утврдени два различни наоди од лабораториско испитување на здравствената безбедност на земена мостра од детска играчка, од различни акредитирани лаборатории, задолжително да се направи трета (супер) анализа во независна референтна лабораторија од земјите членки на Европската Унија, пред донесување на конечната одлука од страна на инспекторот за пуштање во употреба на примероци од истата детска играчка.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за извршените контроли за квалитетот на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Македонија за трет квартал од 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за Ажурирање на Акциски план за проект: Воведување на информациски систем за управување со енергијата ЕМИС, за периодот 1.1-30.8.2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за вршење на периодични здравствени прегледи од страна на здравствени работници на корисниците во дневните центри за деца и лица со пречки во развојот, како материјал за информирање.

## Точка 57

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита и го утврди со заклучок Министерството за здравство текстот на Предлог-законот редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Асим Муса, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Ангелина Бачановиќ, раководителка на сектор во Министерството за здравство.

## Точка 58

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 59

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за потребата од именување на членови од Република Македонија во мешовитата работна група за воведување на заеднички контроли на надлежните органи на Република Македонија и Република Србија на патниот граничен премин Табановце-Прешево, поради потребата Министерството за финансии предметниот материјал да го усогласи со Секретаријатот за законодавство и да ја дополни информацијата со преговарачки позиции.

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изнаоѓање Решение за стопанисување и управување со Комплексот „Македонско село“ во Нерези - Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Да се формира комисија за разгледување на сите аспекти на новонастанатата фактичка состојба и за анализа на сите законски решенија за начинот и постапката за продолжување на стопанисувањето и управувањето со комплексот „Македонско село“, со претставници од Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за култура, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Се задолжуваат наведените институции во текот на оваа недела до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да доставaт номинации за членови на комисијата, со цел Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија за наредната седница на Владата да достави Предлог-решение за формирање на оваа комисија.

2. Се задолжува Комисијата да подготви извештај за својата работа во кој ќе бидат содржани конкретни насоки и динамика за спроведување на нова постапка, во рок од 30 дена од нејзиното формирање.

3. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија по раскинувањето на Договорот за јавно приватно партнерство до изнаоѓање на решение за управување и стопанисување на комплексот „Македонско село“ да обезбеди континуирано 24 часовно физичко обезбедување на комплексот со цел негова заштита од противправно отуѓување на имотот на Република Македонија.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**